

**ХАРТУНГ ХАНС: „Т 1962 — РТ“ (масло, 253 X 61 X 4)**

ИЗЛОЖБИ

# СОЛИДАРНОСТА-ВИСОКО МЕРИЛО НА ВРЕДНОСТИТЕ

**Во рамките на „Средбата на солидарноста“ отворени се неколку изложби, меѓу кои најмногу го привлекува вниманието изложбата на подарените дела што е прикажана во салата на Собранието на СРМ. Оваа изложба претставува досега најголема ликовна манифестација во нашиот град. Таа прикажува над двеста творби од исто толку уметници на тринаесет земји.**

Особен впечаток остава фактот дека изложбата создава една компактна целина, и покрај тоа што таа го добивала својот лик сосема спонтано, со своето единствено мерило: со чувството на солидарност. Критериумот на солидарноста од кој би можело да се очекуваат првенствено морални вредности и хумани пораки, во овој случај достигнува и високи естетски размери.

Поклопувањето на есетскиот и етичкиот карактер на оваа изложба говори за мошне значајната и неопходната улога на современата ликовна уметност во современиот свет, иако таа е често оспорувана и омаловажувала.на Меѓутоа дури и во најекстремните, и често со извесно право неприфатени тенденции, се забележуваат длабоките жили на општочовечките стремежи и чувства, се назираат корените на високата свест на човекот во однос на комплексните проблеми на својата егзистенција. Нотата на ангажираната свест на уметникот струи во секое од овие дела, независно дали некое од нив претставува храбар протест против заканата на војната и против уништувањето на луѓето, или претставува само интимно доживување на творецот (тага, радост), или пак значи симбол на некаква појава од највисока форма. Современата уметност ги има отворено сите врати на изразувањето.

Затоа не треба да нé изненади случајот ако во оваа голема изложба сретнеме слики чиј карактер не би можеле директно да го поврзиме за некој трагичен настан, за да го почувствуваме нивниот однос со скопската катастрофа. Многу од подарените дела изразуваат емоции спротивни на болот и тревогата што го гонат спокојството на човека; во нив е опеана и радосната страна на животот, насмевката на убавината и надежта, полетот на добрата волја и блаженството на среќата. Но понекогаш непокорниот човечки дух и во своето најголемо очајание се одзива со ехото на радоста. Радосното ехо таквите творби во оваа изложба го ублажуваат темниот крик што потекнал непосредно од градите на болот.

Впрочем во секој поглед карактерот на подарените дела (сам од себе) е изедначен. Разликата на уметниците од разните земји осетно се намалува; а сé повеќе расте зближувањето на луѓето од различни поднебја, со различни јазици и навики, со различни форми на живот. Денеска Јапонецот знае за скопјанецот, Југословенот знае за Виетнамецот, за Гркот и за Алжирецот. Отворени се многу начини тие да се разберат и да си помогнат. Зашто нивниот непријател е често еден и ист.

Разгледувајќи ги делата на изложбата, прва во светот од ваков краактер, мислиме: колку сме слични луѓето во светот. Слични проблеми, слични неуспеси и слични идеи. Ако застанеме пред некоја мезотина на Јозо Хамагуши (Јапонија) или пред сликата на Пабло Пикасо и цртежот на Алфред Манесје (Франција), или пред комбинованата техника на Морис Хакурија (Белгија), ќе го осетиме истиот ритам на доживувањето на стварноста. Исто така аналогни се размислувањата околу законите на материјата во делата на Денис Бовен (Англија), на Бранко Протиќ (Југославија), на Адам Марцински (Полска), како и на Корадо Кајли (Италија). И мошне мала е разликата во искажувањето на најдлабоките животни страсти во сликите на Едо Муртиќ, на Монтанарини и на Пињон. А да не зборуваме за соодветноста на стилот на познатиот француски сликар Ханс Хартунг (кој на Скопје му поклони најмногу дела) со стилот на некој јапонски калиграфиста. Понатаму, резултатот што го постигна во поглед на техничката изведба во својот линорез, полскиот графичар Тадеуш Јацковски може да се спореди, со резултатите во графичката дисциплина на Југословенот Јанез Берник.

**Така можеме да заклучиме, дека тенденцијата на современата уметност е јасна: таа, низ единството на спротивните правци и стилови, се стреми да се приближи до извесни универзални вредности, кои треба да ги изразат целокупните психички и физички човечки манифестации, а во служба на доброто на луѓето во духовен и материјален план. Таквата напредна тенденција на модерната уметност, јасно може да се види и преку делата што му се подарени на нашиот град.**

**Паскал Гилевски**